# ЈАВЕН ОГЛАС – ПОКАНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ

[ *ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА*]

За спроведување на постапка за изведување на Научно-рекреативна екскурзија во Чешка на учениците од трета година на ОСУ Св.Климент Охридски -Охрид

Согласно член 3 ст.1 ал.2 и ст.3,член 10 став 2 ,член 13 ст.2,3,5 и 6,член 18 ст.2 и член 19 од Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта (бр.07-9992/3 од 5.06.2014 година донесен од Министерот за образование) , а имајки ја предвид одлуката на Училишниот одбор на ОСУ Св.Климент Охридски -Охрид за изведување на шестдневна екскурзија во Чешка со посета на градовите Будимпешта, Прага, Дрезден и Виена, Комисијата за спроведување на екскурзијата при ова училиште, ја спроведува оваа постапка за избор на најповолен понудувач-изведувач на екскурзијата и го распишува овој јавен оглас-покана за доставување на понуди.

1.ОПИС НА УСЛУГАТА –Согласно Програмата за спроведување на екскурзија за учениците од трета година на ова училиште, и спроведената анкета на ученици и родители,утврдени се Локации на посета и правци на патување на екскурзијата ,и тоа :

**Прв ден**: Во 12:00 часот поаѓање од Охрид за Прага. Автобуски превоз преку Србија, Војводина, се влегува во Унгарија, ноќно возење со попатни одмори.

**Втор ден**: Во утринските часови планирано пристигнување во Будимпешта. Панорамско разгледување на градот со локален овластен водич ангажиран од ТА-изведувач на патувањето: Пешта-споменикот на Милениумот, операта, улиците Ваци, Андраши, парламентот, црквата Св. Стефан, мостовите на Дунав, Будим- Цитаделата, Кралската палата, Црквата Св. Матејас, Рибарската тврдина.

Во пладневните часови патувањето продолжува кон Прага. Пристигнување во вечерните часови, сместување во хотел, вечера по пристигнувањето. Ноќевање.

**Трет ден**: Појадок. Разглед на Прага. Панорамски разглед на Стариот град со локален овластен водич ангажиран од ТА-изведувач на патувањето: Карловиот мост, Плоштадот на Малтешките витези, споменикот на Карло IV, Кралскиот пат, Еврејскиот кварт, Париската улица, Старомајскиот плоштад со познатиот астрономски часовник - Орлој, црквата Лорето, Градската куќа, Прашката кула, Националниот музеј, Горниот град: Дворецот Храдчани, Катедралата Св. Вито, Златната улица.

Посета и влез во : Прашкиот замок (со платена влезница)

Посета на шопинг центар.

Враќање во хотел, вечера. Забава во дискотека (со платена влезница и еден пијалок). Ноќевање.

**Четврт ден**: Појадок. Поаѓање за Дрезден во утринските часови. Панорамски разглед на градот со локален овластен водич ангажиран од ТА-изведувач на патувањето: Операта Земпер, Палатата Цвингер (во која има 5 музеја), протестантската Богородична црква, римокатоличката Дворска црква, Резиденционалната палата (денешниот државен музеј каде се чува Зелениот

трезор), палатата Ташенбер (денешен хотел Кемпински), делот на некогашниот градски ѕид, Августовиот мост.

Враќање во Прага, вечера. Крстарење со брод по Влтава (со платена влезница). Ноќевање.

**Петти ден :** Појадок. Патувањето продолжува кон Виена. Панорамски разглед на градот со локален овластен водич ангажиран од ТА-изведувач на патувањето: Рингштрасе, Палатата Хофбург, Виенската Опера, Парламентот, дворецот Белведере. Слободно време за прошетка по улицата Мариахилфер штрасе и индивидуални разгледи.

Тргнување за Македонија, Охрид во вечерните часови.

**Шести ден:** Пристигнување во Охрид во пладневните часови.

Екскурзијата ќе се спроведе во периодот од 3 до 8 јуни 2019 год. На екскурзијата се планира присуство на околу 140 ученици, 9 професори (осум класни раководители и директорот на училиштето) и доктор.

## 2.МИНИМАЛНИ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНИ ПОНУДУВАЧОТ

А) Понудувачот ( може да биде секоја ТА во РМ која ги исполнува минималните услови ) треба да е регистриран за вршење на соодветна туристичка дејност согласно позитивните прописи на РМ—лиценца за ТА од „А“категорија.

**доказ:** - Извод од тековна состојба од Централен регистар
- А лиценца за вршење туристички и агенциски работи

Б) Да има успешно реализирано најмалку 3 (три) ученички екскурзии во повеќедневен аранжман во странство од сличен обем и опфат на ученици во последните 3 години.

**доказ:** Референта листа со копии од договори

В) Да ги исполнува условите за превоз на групи деца согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи на деца.

**доказ:** Соодветна изјава

## 3.ДРУГИ ПОСЕБНИ УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСОПОЛНИ ПОНУДУВАЧОТ

А) Понудувачот е должен да достави податоци за избор на хотели во секое од наведените места каде ќе се ноќева и ќе се остваруваат оброци, односно во кои ќе бидат сместени учениците и професорите за време на пресој во Прага. Хотелите мора да се категоризирани со најмалку 3 (три) звездички (А кат.) и мора да имаат капацитет за сите ученици, професори и доктор, да се сместени во ист хотел во двокреветни, трикреветни и четири креветни соби ( професорите мора да се во двокреветни соби). Исто така, мора да се доставаат податоци за какво мени на исхрана за оброците-доручек и вечера ќе имаат учениците и професорите во конкретните хотели.

**доказ:** Изјава со имиња на хотелите, со наведена веб страна на хотелот. Листа со мени за исхрана.

Дискотеката да има капацитет за организирање на диско забава за сите ученици од училиштето и да имаат најмалку просечен стандард .

Б) Автобускиот превоз да е со автобуси со минимум ЕУРО 3 стандард не постари од 10 години, со седишта за добро и безбедно сместување на учениците,со записник за извршен вонреден технички преглед на автобусите не постар од еден месец ,а автобусите да се климатизирани и со внатрешна ВЦ кабина, додека возачите да се со лекарско уверение не постаро од 6 месеци.

**доказ** за обезбедни најмалку 3 (три) автобуси од ист превозник со соодветен број на возачи: фотокопии од сообраќајни дозволи и М1/М2 обрасци од возачите

В) Понудувачот треба да има најмалку 3 лиценцирани туристички придружници

**доказ:-** копии од договори со туристичките придружници
-лиценци од туристичките придружници

Г) Избраниот понудувач е должен при склучување и потпишување на писмен договор за изведувач на екскурзијата, да приложи банкарска гаранција во висина од 15 % од вредноста на договорот,а за квалитетно извршување на договорот.

**доказ:** Изјава дека по склучувањето на договор ќе се обезбеди банкарска гаранција

Д) Понудувачот треба да даде цена на извршување на услугата по ученик, а во цената да се вкалкулираат трошоци за превоз со автобус, сместување во хотел и исхрана на база ПП (појадок и вечера), една платена влезница во дискотека со еден пијалок, крстарење во Прага, и платени влезници во објектите од понудата каде е предвидена посета.

Цената во понудата мора да биде фиксна и не е дозволена корекција на цени во текот на реализација на договорот.

Ѓ) Понудувачот е должен да обезбеди овластени локални туристички водичи кои ќе ги запознаат учениците со културно-историските и уметнички објекти при нивната посета.

**доказ:** Изјава за обезбедени локални водичи

Е) Понудите не треба да содржат алтернативни решенија,односно треба да бидат изработени конкретно и согласно барањата дефинирани во овај јавен оглас-покана за понуди.

Понудата која содржи дополнителни елементи или услуги, нема да има предност при евалуација на истата, освен доколку се јават ТА со иста цена на услуга.

Ж) Понудувачот мора во цената на понудата да вкалкулира 10 (десет) гратиси за ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства, како и бесплатни комплет услуги за деветте професори и докторот.

Ж) Понудувачот треба да им овозможи на родителите на учениците , да ја платат цената на екскурзијата за нивните деца-ученици , на пет рати и тоа во месеците : јануари, февруари, март, април и мај 2019 год.

**4. РОК ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДАТА**

Понудата заедно со целокупната документација со која се докажува дека понудувачот ги исполнува минималните и посебните услови за изведување на екскурзијата (документација према секој утврден услов во јавниот оглас) мора да се достави на адреса од училиштето- ОСУ Св.Климент Охридски-Гимназија-Охрид,во затворен плик со назнака „ ПОНУДА по јавен оглас за екскурзија со учениците од III година “ и забелешка „не отварај“, во РОК од 5 (пет) работни дена од денот на објавување на огласот-поканата за прибирање понуди.

Некомплетни и нецелосни понуди,како и понуди доставени по утврдениот рок за достава,нема да се земат во постапка на евалуација и избор за најповолен понудувач.

**5.КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ**

Единствен критериум за избор на најповолен понудувач е понудената цена.

**6.ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОНУДИТЕ**

Комисијата за спроведување на екскурзијата, ќе спроведе евалуација на понудите и доколку е добиена најмалку една понуда.

Доколку не е поднесена ниедна прифатлива понуда (според анкетата спроведена во училиштето) или Комисијата смета дека цените во понудите се понеповолни од реалните пазарни цени, постапката може да биде поништена (по предлог на Комисијата и по донесена одлука на Училишниот одбор на училиштето).

По завршената евалуација на понудите, понудувачите ќе бидат писмено известени за исходот од постапката за избор на најповолен понудувач во рок од 5 дена, а најповолниот понудувач ке потпише писмен договор со директорот на ова училиште.

**7.НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЕКСКУРЗИЈАТА**

Екскурзијата ќе ја финансираат исклучиво учениците преку нивните родители-старатели, со плаќање на парични средства директно на жиро-сметка од ТА која ке ја изведува екскурзијата или со платежна картичка.

Комисија за спроведување на постапката за екскурзија